Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

ИП1 бр. 29-876
Дата: 26.09.2025 година

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор Прехранбена индустрија КРИСТАЛ 1923 АД Велес, со седиште и адреса на вршење на дејноста на ул. Алексо Демниевски Бауман бр. 18 Велес, застапуван од Горанчо Лазов – извршен директор. Со Записник бр. 29-876 од 22.09.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 став 1 точка 14 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25) донесе:


Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243


## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ НАРЕДУВА** на Прехранбена индустрија КРИСТАЛ 1923 АД Велес, со седиште на ул. Алексо Демниевски Бауман бр. 18 Велес:

1.1 Да спроведе темелно чистење на сепараторот/флотаторот за отпадните води од погонот Рафинерија од мрснотии и талог, како и да спречи понатамошно неконтролирано истекување на мрснотии од системите за примарен третман на отпадната вода/флотација, преку каналот за отпадни води, во реципиентот.
Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

1.2 Да достави извештај од спроведен мониторинг на отпадна вода од емисиона точка W-1 од Б-Дозволата.
Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

1.3 Да спроведува редовен мониторинг на отпадната вода при миење на опремата за производство на маргарин.
Рок: 10 (десет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022 изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор

Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

Прехранбена индустрија КРИСТАЛ 1923 АД Велес, со седиште и адреса на вршење на дејноста на ул. Алексо Демниевски Бауман бр. 18 Велес, а во врска со Пријава со прилог видео материјал, доставени од ЗСР Бабуна Велес, со наводи дека “неколку дена station наназад, од каналот на Градскиот парк истекуваат мрснотии, мрсни пласти и тврда мрсна материја .... заради што има голема реакција од спортските риболовци”.

[redacted]

При надзорот беше присутна Олгица Стојанова -директор на Сектор за производство и одржување.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник ИП1 бр. 29-876 од 22.09.2025 година.

Субјектот на надзор КРИСТАЛ 1923 Велес е оператор на инсталација за производство на растително масло за јадење, маргарин, кондиторски проиводи (таан, таан алва, локум, желе, мармалади), оцет, зачини и масни киселини. Тој е носител на Б-Интегрирана еколошка дозвола со бр. 08-2022/13 од 16.11.2021г. издадена од Градоначалникот на Општина Велес.

При инспекцијата се изврши надзор на функционирањето на тростепен сепаратор/флотатор за отпадна вода, кој се наоѓа во кругот на инсталација и во кој влегуваат отпадните води од технолошкиот процес на погонот за рафинација. Неговата функција е да ја раздели замастената вода на три фази: вода, масла/масти и талог. Погоните за екстракција и производство на маргарин имаат посебни помали флотатори. Сите отпадни води по флотација се влеваат во заеднички канал за отпадна вода од т.н. Топилничка канализација која се влева во река Вардар.

При надзорот се констатира дека тростепениот флотатор од погонот Рафинерија е исполнет околу 90%. Со помош на летва се констатира дека во таложникот има значителни количини талог кој го намалува капацитетот на таложникот и неговата ефикасност и е потребно да се спроведе темелно чистење на сепараторот од талог. Талогот од системот за третман на отпадната вода се предава на оператор на биогасната централа лоцирана во с. Сарамзалино, Општина Лозово - БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО Охрид, согласно Рамковен договор за снабдување со органски отпадни суровини бр. 03-255 од 18.06.2024г. При надзорот се констатира дека во третиот таложник на површината на водата има бели мрсни пласти, многу слични на “белите материи” утврдени во река Вардар, а кои не се чистат редовно. Тоа се мрснотии на површината кои треба механички да се отстрануваат.

Согласно услов 6.4.5 од Б-Дозволата, субјектот на надзор е должен редовно да ги чисти флотаторите и да не дозволи нивно

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

заполнување. Овие таложници треба редовно да се чистат (особено маслата горе и талогот долу) бидејќи може да ја изгубат функцијата.

[redacted]

Согласно услов 2.7.4 алинеја 1 од Б-Дозволата, субјектот е должен од емисиона точка за техолошка вода (W-1, која ги содржи сите отпадни води кои се слеваат од производните погони после флотацијата), да спроведува мониторинг, со фреквенција еднаш годишно (Додаток 2 од дозволата), преку композитен примерок од неколкучасовно мострирање на работа на погоните. На 10.09.2025г. доставено е барање за понуда за анализа на отпадна вода за анализа до Технички институт Македонија од Неготино, чии резултати од анализа се очекуваат дополнително.

Во интерната лабораторија на КРИСТАЛ 1923 Велес согласно услов 2.7.4 алинеја 2 од Б-дозволата, секојдневно се врши анализа на отпадната вода во деновите кога работи погонот рафинерија. Бидејќи во текот на инспекцискиот надзор има повторна пријава до ДИЖС со видео материјал за појава на многу повоочливи бели наслаги во близина на канализацијата во влив на Вардар на 17.09.2025г., побаран е и извештај од мониторинг за овој ден. На 17.09.2025г. работи само маргаринско одделение, а интерен мониторнг се врши само кога работи погонот рафинерија. Кога работи маргаринско секој петок се перат казаните за производство на маргарин, но мониторнг на отпадната вода не се врши.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 199 став 5, а во согласност со член 200 став 1 точка 14 од Законот за животната средина, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган или суд, во согласност со член 200 став 4 од Законот за животната средина.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-876 на ден 26.09.2025 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243